Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ..... 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 88

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИЦИ ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на својата трета седница одржана на 3.12.2008 година, донесе Одлука (број 0210-1591/14) за распишување Конкурс за прием на тројца помлади асистенти за наставно-научното подрачје ***фундаментални медицински науки***. Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на својата редовна седница, одржана на 24.12.2008 година, донесе Одлука (02-1591/63) за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Ѓорги Шуманов, претседател,
2. проф. д-р Никола Камчев, член,
3. проф. д-р Никола Силјановски, член,

за избор на тројца помлади асистенти за фундаментални медицински науки, по распишаниот Конкурс. Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен во весникот „Дневник“ на 13.12.2008 година. за избор на тројца соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки при Факултетот за медицински науки се пријавени 8 кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатот **Стефан Петровски** е роден на 27 ноември 1982 година во Штип. Основно и средно (гимназиско) образование завршува во Штип, а на Медицинскиот факултет во Скопје се запишува во учебната 2001/02 година. Додипломските студии ги завршува во академската 2007 година, со среден успех на студиите 8,56 и се стекнува со право на стручен назив *доктор на медицина.*

***Наставна дејност***

Кандидатот Стефан Петровски успешно ги применува во наставната практика стекнатите знаења за време на додипломските студии. Имено, по дипломирањето на Медицинскиот факултет бил ангажиран во средното медицинско училиште „Јане Сандански“, каде што со успех ги предава следниве предмети: Невропсихијатрија, Интерна медицина и Педијатрија. На 27.6.2008 година го положува и стручниот испит.

Од 15.10.2008 година е ангажиран на Факултетот за медицински науки, каде што со успех и дисциплинирано ги извршува поставените работни обврски.

Кандидатот во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатката **Елена Симеоновска-Јовева** е родена на 10 септември 1979 година во Струмица. Основно и средно (гимназиско, природно-математичка насока) образование завршува во Струмица, а на Медицинскиот факултет во Скопје се запишува во учебната 1998/99 година. Додипломските студии ги завршува во академската 2004 година, со среден успех на студиите 8,90 и се стекнува со право на стручен назив *доктор на медицина*.

***Работно искуство***

Кандидатката Елена Симеоновска-Јовева на 28.2.2005 година го положува стручниот испит. По добивањето на лиценца од Лекарската комора на Македонија, таа е работно ангажирана во Детскиот диспанзер при Здравствениот дом во Штип (2005-2006) и Итна медицинска помош при Здравствен дом - Штип (2006-2008).

Од 15.10.2008 година е ангажирана на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што со успех и дисциплинирано ги извршува поставените работни обврски.

Кандидатката редовно посетува курсеви и семинари во склоп на континуираната медицинска едукација, а со свој труд учествува на Третиот македонски конгрес од историја на медицината.

Во текот на своето образование, кандидатката успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатот **Александар Серафимов** е роден на 1 март 1983 година во Кочани. Основно и средно – гимназиско образование завршува во Кочани. Додипломските студии ги завршува на Медицинскиот факултет во Софија, Република Бугарија, во академската 2007 година (диплома бр. 020653), со среден успех на студиите 4,48 и се стекнува со право на стручен назив *доктор на медицина*.

Одлука за верификација на високообразовна квалификација стекната во странство, бр. 10-433/2 од 26.12.2007 година.

Основна лиценца за работа издадена од Лекарската комора на Македонија, со рег.број 0009898 од 28.3.2008 година.

***Работно искуство***

Кандидатот Александар Серафимов стажира и волонтира во Здравствениот дом - Кочани во Службата за вакцинации и Службата за итна медицинска помош.

Во овој период има издадено два научни труда како коавтор на Вториот конгрес на лекарите по општа медицина на РМ, со меѓународно учество од 19 до 22 јуни 2008 год. во Охрид, со теми: „Анализа на смртноста од рак на белите дробови во двегодишниот период во Општина Кочани“ и „Акутни труења кај децата во Службата за итна медицинска помош во Општина Кочани”.

Од септември 2008 година посетува постдипломски студии по здравствен менаџмент на Факултетот по општествено здравје при Медицинската академија во Софија.

Редовно посетува курсеви и семинари во склоп на континуираната медицинска едукација.

Кандидатот во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатот **Марјан Цоневски** е роден во Скопје. Средно образование (гимназија) завршува во Скопје. Продолжува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде завршува во 2006 година, со просек 9,47.

Постдипломските студии по *епидемиологија* и специјализацијата по *општа хирургија* (трета година) се во тек.

Работи во невладини организации, како едукатор на средношколци, ромската заедница „Здравје за сите, здравје за Ромите“. Сега работи како предавач по прва помош во Црвен крст на Р. Македонија.

***Научни трудови и публикации***

1. Should or Should We Not Tell the Truth to Our Patient-2004,

2. Stroke and Depression in Patients with Aphasia in Early Rehabilitation Phase-2004,
3. Postoperative Condition of the Gastroduodenum-2003.

Кандидатот во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатот **Сашко Николовски** е роден на 17 јануари 1981 година во Пробиштип. Основно и средно образование завршува во Пробиштип, а Медицински факултет завршува во Скопје, во 2005 година, со просек 7,96 и се стекнува со право на стручен назив *доктор по медицина.*

По завршувањето на факултетот, кандидатот Сашко Николовски се стекнува со следново работно искуство: летна обука во Копенхаген - Данска, педијатрија и хирургија, искуство во општа амбуланта во Пробиштип.

Кандидатот поседува сертификати од програмата на континуираната медицинска едукација.

Кандидатот во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатката **Габриела Тавчиоска** е родена во Прилеп. Основно и средно образование завршува во Прилеп, а Медицински факултет во Скопје, во 1997 година, и се стекнува со право на стручен назив *доктор на медицина.*

По завршувањето работи како матичен лекар во амбуланта на село (2001-2006 г.), потоа работи на Одделението за превентивна заштита на училишни деца и младина во Здравствениот дом во Прилеп (2007-2008 г.) и на Одделението за детски болести во Општа болница - Прилеп (2008 г.).

Од 1.10.2008 година, кандидатката започнува специјализација по педијатрија.

Учествува на повеќе конгреси и издава повеќе научни трудови:

- „Пиодермија гангренозум, асоцирана со улцеративен колитис“ (1996 г.);
- „Антихипертензивна терапија по мозочен удар“, Трет конгрес на невролози (2004 г.);
- „Депресија во бременост“ (2005 г.);
- „Коронарна срцева кај дијабетичари“ (2006 г.);
- „Анксиозни нарушувања кај адолесценти“ (2004 г.),
- „Главоболки и труења во детска возраст“ (2008 г.) и др.

Кандидатката во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатот **Јован Делев** е роден на 17 мај 1982 година во Штип. Основно и средно (гимназиско) образование завршува во Штип, а Медицински факултет завршува во Скопје, во 2008 година, со просек 7,97 и се стекнува со право на стручен назив *доктор на медицина.*

***Наставна дејност***

По завршувањето на факултетот, кандидатот е ангажиран како соработник на компанијата-Professional AEA-Malta, претставник на фармацевтската компанија-Genericon Pharma GmbH.

Кандидатот поседува сертификат за завршен едномесечен курс од дигестивна хирургија и сертификат за развој на фармацевтската практика. Тој зема учество на: 10. Серуски медицински научен конгрес - Пироговка - 2007 г., 30. Македонски меѓународен медицински конгрес (Охрид, 2007), Прв меѓународен конгрес - Антверпен (2007), Втор конгрес на лекарите по општа медицина (Охрид, 2008), Светски канцер конгрес - 2008 г.

Кандидатот во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери и англиски јазик.

Кандидатот **Анастас Дорески** завршува средно образование (гимназиско) во Скопје, каде завршува и Медицински факултет во 2004 година, со просек 8,91, со што се стекнува со право на стручен назив *доктор на медицина*. Во 2006 година запишува специјализација по радиодијагностика, која е во тек (трета година).

***Работно искуство***

Општ лекар во амбуланта во преспанскиот регион во 2005 година, медицински маркетинг агент - Хемофарм во 2005/07 година, надворешен соработник во невладин сектор во 2007 година, лиценциран обучувач по прва помош во Црвен крст на Р. Македонија во 2008 година.

***Учество на семинари и конгреси***

Прв балкански конгрес на историја на медицина - 2003 г., 27. Интернационален конгрес - 2004 г., Петти балкански радиолошки конгрес - Златибор, Србија.

Кандидатот во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по компјутери, англиски и германски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, Комисијата заклучи дека има чест да рецензира млади и надежни научни работници, со надеж дека во иднина ќе се развијат во успешени наставници.

Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет - Штип, кандидатите **Елена Симеоновска-Јовева, Стефан Петровски и Александар Серафимов да се изберат во звање помлади асистенти на Факултетот за медицински науки, за областа *фундаментални медицински науки*.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Ѓорѓи Шумански, вонреден професор, претседател, с.р.**

**Д-р Никола Камчев, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Никола Силјановски, редовен професор, член, с.р.**